РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЕЛС МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА
ул. „Каменичка“ бб – Македонска Каменица тел./факс: 033 432 741
opstina@makedonskakamenica.gov.mk ; www.makedonskakamenica.gov.mk

Број 09-908/2
03.04.2026

Врз основа на член 84 од Законот за локална самоуправа самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024), член 150 и член 151 од Статутот на општина М.Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица бр.20/19, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

О Д Л У К А
За распишување на избор на Претседател и членови на Советот на месна самоуправа Каменица 1

Член 1

Се распишува избор на Претседател и членови на Советот на месна самоуправа Каменица 1.

Член 2

Изборот ќе се изврши на ден 08.04.2026 година со почеток од 18:00 часот во салата за состаноци во општина Македонска Каменица.

Член 3

Советот на месната самоуправа Каменица 1 ќе биде составен од 7(седум) членови Претседател и 6 (шест) членови.

Мандатот на членовите на Советот на месната самоуправа трае 4 (четири) година.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Општина Македонска Каменица
Градоначалник
Соња Стаменкова